Врз основа на член 50 став 1 алинеја 8 од Статутот на Клириншката куќа Клириншки интербанкарски системи АД Скопје и Правилата за работа на платниот систем КИБС, Управниот одбор на Клириншката куќа Клириншки интербанкарски системи АД, Скопје, на VI-та седница одржана на 26.03.2025 година, донесе

# Термински план за работа на платниот систем КИБС

**Верзија:** 5.0

4-11.73-01

**КИБС АД Скопје**

© КИБС АД Скопје, сите права задржани

http://www.kibs.mk

КИБС
Клириншка куќа

# Содржина

1. Вовед ....3
2. Дејствија во платниот систем КИБС и време на нивно извршување во работен ден ....3

## 1. Вовед

Со Терминскиот план за работа на платниот систем КИБС (во понатамошниот текст: Термински план) се одредуваат моментите за извршување на дејствијата за работа на платниот систем КИБС.

Дејствијата се одвиваат во рамките на еден работен ден во еден циклус.

Временскиот период за извршување на дејствијата на платниот систем КИБС е усогласен со деновите утврдени во Календарот на работни денови на КИБС и Правилата за работа на платниот систем КИБС (Правила).

Работниот ден започнува од 17:30 часот веднаш по завршувањето на претходниот работен ден и трае до 17:30 часот кога завршува тековниот работен ден, а дејствијата се уредени со моментите прикажани во табелата подолу.

## 2. Дејствија во платниот систем КИБС и време на нивно извршување во работен ден

| Момент | Време на дејствие [час] | Дејствие |
|---|---|---|
| 1 | 17:30 | Учесниците во платниот систем КИБС од овој момент започнуваат да доставуваат налози за пренос во платниот систем КИБС за започнатиот работен ден кој трае до крајот на внес во тековниот работен ден. |
| 2 | 08:30 -14:30 | Учесниците кои работат на вториот начин од точка 65 во Правилата за работа на платниот систем КИБС (Правила) и за кои е добиено до 08:30 часот известување од МИПС за уплата во Резервниот гарантен фонд (РГФ), се вклучуваат и за иницирање и за прием на налози за пренос. Останатите се вклучени само со можност за прием на налози за пренос се до добиено известување од МИПС за уплата во Резервниот гарантен фонд (РГФ) согласно точка 65, по што се вклучуваат и за иницирање на налози за пренос. Учесникот ќе биде вклучен и за одливни трансакции во работниот ден, доколку уплатата ја изврши најдоцна до 12:30 часот.<br><br>Платниот систем КИБС започнува со проверка на содржината на налозите за пренос. Налозите за пренос кај кои проверката е успешна се внесуваат, а за неприфатените налози, учесниците добиваат известување и истите не се внесуваат во платниот систем КИБС. |
| 3 | 08:30-14:30 | Учесниците можат да повлекуваат налози за пренос кои претходно се внесени под услови согласно Правилата. Од овој момент налозите за пренос се неотповикливи. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Платниот систем КИБС завршува со внес на налози за пренос од учесниците за тековниот работен ден. Платниот систем КИБС по завршување на внесувањето на налозите за пренос ги утврдува нето состојбата и последната состојба на пресметковната сметка за секој учесник и ги доставува како информација до учесникот.<br><br>Доколку за одреден учесник е утврдена негативна нето состојба над учеството во Резервниот гарантен фонд (РГФ), операторот на платниот систем КИБС постапува согласно Правилата. |
| **4** | **14:30** | До овој момент учесниците обезбедуваат средства на своите сметки за порамнување во НБ за покривање на утврдената негативна нето состојба во платниот систем КИБС. |
| **5** | **15:00** | Операторот на платниот систем КИБС ја завршува пресметката за тековниот работен ден и до МИПС доставува порака за задолжување на сметките за порамнување на учесниците со негативна нето состојба и одобрување на сметката за порамнување на операторот на платниот систем КИБСе во НБ.<br><br>До учесниците праќа известување за промена во РГФ доколку настанала промена при дневната пресметка за учество во РГФ за следниот работен ден. |
| **6** | **15:00** | Доколку сите учесници со негативна нето состојба имаат доволно средства на нивните сметки за порамнување во НБ, операторот на платниот систем КИБС добива потврда од МИПС за успешно извршено порамнување на сметките за порамнување на учесниците со негативна нето состојба. (Следува Момент 7).<br><br>Доколку нема доволно средства на сметката за порамнување во НБ на одреден/и учесник/ци, операторот на платниот систем КИБС добива порака од МИПС со известување дека пораката за задолжување од операторот на платниот систем КИБС е во ред на чекање, заради неможност одреден/ни учесник/ци да се порамни/ат. (Следува Момент 6.1). |
| **6.1** | **15:05** | Операторот на платниот систем КИБС ја повлекува претходно доставената порака од Момент 5, која е во ред на чекање во МИПС. |
| **6.2** | **15:25** | Операторот на платниот систем КИБС до МИПС доставува нова порака за задолжување на сметките за порамнување во НБ на учесниците со негативна нето состојба и одобрување на сметката за порамнување на операторот на платниот систем КИБС во НБ и тоа: |

| | | |
|---|---|---|
| | | - доколку негативната нето состојба на учесник/ци е до висина на издвоените средства во РГФ се постапува согласно (39) од Правилата и<br><br>- доколку негативната нето состојба на учесник/ци е над висина на издвоените средства во РГФ се постапува согласно (40) од Правилата.<br><br>Доколку порамнувањето не се изврши, пресметката се поништува, и се изготвува нова пресметка по претходно исклучување на необезбедените налози за пренос. Исклучените налози за пренос од пресметката се враќаат на учесникот иницијатор. Согласно Правилата, оваа постапка се повторува се до успешно порамнување на обезбедените налози за пренос, но не подоцна од времето уредено со момент 7. |
| **6.3** | **15:25** | Операторот на платниот систем КИБС добива потврда од МИПС за успешно порамнување на учесниците со негативна нето состојба. |
| **7** | **15:30** | Операторот на платниот систем КИБС до МИПС доставува пораки за задолжување на сметката за порамнување на операторот на платниот систем КИБС и одобрување на сметките за порамнување на учесниците во НБ со позитивна нето состојба. |
| **8** | **15:30** | Операторот на платниот систем КИБС добива потврда од МИПС за извршеното порамнување на учесниците со позитивна нето состојба.<br><br>Налозите за пренос вклучени во пресметката се сметаат за конечни и безусловни.<br><br>По завршеното порамнување, операторот на платниот систем КИБС кај учесниците кои работат на вториот начин од точка 65 од Правилата, врши поврат на остатокот на средства во целост од РГФ на нивните сметки за порамнување во МИПС. |
| **9** | **15:40** | Операторот на платниот систем КИБС до секој учесник доставува податоци за неговата нето состојбата и состојбата на неговата пресметковна сметка по конечната пресметка по која е извршено порамнувањето. |
| **10** | **16:00** | Операторот на платниот систем КИБС до секој учесник доставува:<br><br>- податоци за налозите за пренос кои го сочинуваат приливот на неговата пресметковна сметка,<br><br>- податоци од налозите за пренос кои не се порамнети,<br><br>- информации за усогласување на податоците за налозите за пренос на учесникот со операторот на платниот систем КИБС. |

КИБС
Клириншка куќа

| | | |
|---|---|---|
| **11** | **17:10** | Операторот на платниот систем КИБС добива од МИПС:<br>- извештај за состојбата на сметката за порамнување на операторот на платниот систем КИБС во НБ и<br>- извештај за состојбата на сметката на РГФ во НБ. |

Операторот на платниот систем КИБС овозможува преглед на моменталната состојба на пресметковната сметка во платниот систем КИБС за секој учесник.
Во случај на потреба или на барање од учесник, операторот на платниот систем КИБС може да го пролонгира времето за внес на податоци на налози за пренос утврдени со Моментите од 1 до 4 најмногу 15 минути и за пролонгирањето ги известува учесниците. Пролонгирањето се однесува на сите учесници.

Доколку пролонгирањето на моментите ја надминува временската рамка утврдена за платниот систем КИБС со Правилата за работа на МИПС, операторот на платниот систем КИБС доставува барање до МИПС за пролонгирање на времето за порамнување кое е ставено на располагање за платниот систем КИБС. Во случај на позитивен одговор од МИПС, операторот на платниот систем КИБС ги поместува моментите на дејствијата и соодветно ги информира учесниците.

Доколку настане непредвидена вонредна ситуација, која налага отстапување од временскиот распоред од овој Термински план, времињата на извршување на дејствијата ќе се утврдат со одлука на Управниот одбор на операторот на платниот систем КИБС. За одлуката се известуваат сите учесници. Истото се применува и во случај на негативен одговор од страна на МИПС, којшто е опишан во претходниот став.

По добиена порака од МИПС за пролонгирање на времето на некои од моментите на Терминскиот план на МИПС и доколку операторот на платниот систем КИБС оцени дека ова пролонгирање има влијание на овој Термински план, за истото време ги пролонгира сите последователни дејствија (моменти) од овој Термински план и ги известува учесниците.

Овој Термински план стапува во сила со денот на донесувањето, а се применува со истовремена примена на Правилата за работа на платниот систем КИБС.

Со примената на овој Термински план, престанува да важи Терминскиот план за работа на платниот систем КИБС со арх.бр. 0202-2/35 од 12.06.2024 година.

**УПРАВЕН ОДБОР**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
Горан Анастасовски

Клириншка Куќа Клириншки Интербанкарски Системи АД Скопје